# Девизниот пазар во Република Македонија и улогата на НБРМ

**Маја Кадиевска Војновиќ**
**Вицегувернер**

**Сектор за операции на финансиски пазари и платни системи**
**Народна банка на Република Македонија**

**УКИМ - Економски факултет Скопје**

**септември 2017 година**

# Спроведување на монетарната политика
# Монетарна стратегија

**Избрана е <u>монетарна стратегија на таргетирање на номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото</u> – посредна цел за остварување на крајната цел**



# Спроведување на монетарната политика
# Монетарна стратегија

**Зошто таргетирање на девизниот курс, зошто стабилен курс?**
**Мала и отворена економија – увозна зависност од енергенси (притисок врз домашни цени) и увозна зависност на извозот**
**Висок степен на финансиска евроизација**
**Транспарентен и предвидлив пристап за формирање на инфлациски очекувања**
**Воведена е од 1995 година, по што има стабилизација на инфлацијата**

**Просечна инфлација, годишни промени, во %**




**Просечен девизен курс**



# Одржување на стабилноста на девизниот курс
# Девизен пазар и формирање на девизен курс –по сегменти



# **ДЕВИЗЕН ПАЗАР ПО СЕГМЕНТИ** (БАНКИ-КЛИЕНТИ, МЕЃУБАНКАРСКИ И ИНТЕРВЕНЦИИ НА НБРМ)



# Девизен пазар - банки со клиенти (фирми, физички лица, менувачници, нерезиденти)

**На нето основа:**

- **Фирмите –**купуваат девизи од банките (-)
- **Менувачниците –** продаваат девизи на банките (+);
- **Физичките лица –** генерално продаваат девизи на банките, но, во одредени периоди може да купуваат девизи од банките, (+, -)
- **Нерезидентите** – зависно од одлуките (+, -)



# **Девизен пазар - банки со клиенти** (фирми, физички лица, менувачници, нерезиденти)

Во последните неколку години -**понудата бележи раст заради зголемената понуда на девизи од фирми и менувачници...**

**...на страната на побарувачката, стапките на годишен раст се пониски** (исклучок 2017)

**- Раст заради побарувачката на фирмите и физичките лица** (2017 - и нерезиденти).






# Девизен пазар – трансакции на банки со фирми

**Кои ФИРМИ ја формираат ПОНУДАТА НА ДЕВИЗИ?**

**Во последните неколку години има промени во структурата**

- ✓ **Расте улогата на НПК (нови производни капацитети) и на фирмите од градежништвото и ИТ секторот**
- ✓ **Намалена е улогата на фирмите од металната индустрија**

**Понуда од фирми кои чинат над 73% од вк. понуда**




*податоците за 2017 година се однесуваат на периодот I-VIII.2017 година

# Девизен пазар – трансакции на банки со фирми

## Кои ФИРМИ ја формираат ПОБАРУВАЧКАТА НА ДЕВИЗИ?

**Подиверзифицирана структура**

- **Континуирано висока застапеност на побарувачка од фирми за трг. и произв. на храна и од дејноста трговија на големо**
- **Во просек 1/3 од побарувачката е на фирми за увоз на енергија (нафта, ел. енергија)**

**Побарувачка од фирми во дејности кои чинат 77% од вк. побарувачка**




*податоците за 2017 година се однесуваат на периодот I-VIII.2017 година

# Девизен пазар – трансакции на банки со менувачници

Банките откупуваат девизи од менувачниците

Во валутната структура доминираат CHF и EUR

Но, во последните години умерено повисока застапеност имаат и останати валути (главно AUD, а раст има и на DKK, CAD, NOK)

Валутна структура на понуда



# Девизен пазар – трансакции на банки со физички лица

**Генерално, банките откупуваат повеќе девизи од физичките лица**

**Но, во услови на шок (2009г., 2016г.) кога побарувачката на физички лица расте, банките продаваат девизи (денарите се конвертираат во девизи)**

**Покрај ДЕВИЗНИОТ ПАЗАР, банките имаат и МЕНУВАЧКИ ПАЗАР со физичките лица – на којшто се согледуваат истите реакции од физичките лица**

**Девизен пазар , банки - физички лица (во мил. евра)**




**Менувачки пазар , банки - физички лица (во мил. евра)**



# Девизен пазар – трансакции на банки со физички лица

**На девизниот пазар – последните две години во услови на позначаен раст на побарувачката има намалување на нето-откупот со физичките лица...**

**...а на менувачки пазар на банките, понудата на физичките лица има континуиран тренд на намалување и придонесува за понизок нето-откуп на банките**






# Девизен пазар – трансакции на банки со физички лица

**Во однос на валутите со кои тргуваат физичките лица, доминантна валута е еврото што важи и за побарувачката и за понудата на девизи**

**Присутно тргување и со американски долари, швајцарски франци и останати валути**






# Девизен пазар - меѓубанкарски девизен пазар и девизен курс

**Одржување на висок промет на меѓубанкарскиот пазар втора година по ред...**

**...и на овој пазарен сегмент, најзастапено е еврото, со околу 95%, а повремено се тргува и во долари и други валути.**






# Девизен пазар - меѓубанкарски девизен пазар и девизен курс

## Меѓубанкарскиот девизен курс генерално следи сезонска динамика



# Девизен пазар - меѓубанкарски девизен пазар и девизен курс

- Меѓубанкарскиот девизен курс **е просечен курс од остварени трансакции** на меѓубанкарскиот девизен пазар
- Повеќе **го следи продажниот курс на банките на клиентите**
- **Се движи во интервалот на интервентните курсеви на Народната банка…**

**…при што средниот курс на Народната банка е одраз на пазарните движења, особено со промената на методологијата во 2010 година.**






# Одржување на стабилноста на девизниот курс НБРМ и банки поддржувачи (интервенции)

**НБРМ ја одржува стабилноста на девизниот курс преку интервенции (во двете насоки), секогаш кога постои нерамнотежа помеѓу понудата и побарувачката на девизи**
- ✓ **Кога има недостаток – продава девизи од девизните резерви**
- ✓ **Кога има вишок – ги откупува од банките**

- **Купопродажбите на девизи од страна на НБРМ се вршат со банки-поддржувачи на девизниот пазар на РМ (6 банки)**

**Критериуми за избор**
- мин. 5% учество во **промет со клиенти на девизен пазар**
- мин. 5% учество во промет на **меѓубанкарски девизен пазар**
- мин. 5% учество во **девизни обврски** на ниво на систем

**Активности на поддржувачите**
- Секојдневни **котации**, за трансакции од **0,35 мил. евра**
- **максимален распон од 0,05** денари/евро помеѓу куповен и продажен курс

- **Трансакциите се остваруваат преку електронска платформа за тргување на меѓубанкарскиот пазар**

# Одржување на стабилноста на девизниот курс
# Меѓубанкарски девизен пазар и интервенции

**Банките ПОДДРЖУВАЧИ имаа растечка услога во вкупниот меѓубанкарски промет – ги задоволуваат потребите на другите банки ...**

**...што придонесува за намалување на интервенциите од страна на НБРМ**






# Интервенции на Народната банка

**НБРМ интервенира само ако вишокот/недостатокот на девизи не го апсорбира/надополнува пазарот...**

**Тука, значајна е Отворената Девизната Позиција (ОДП) на банките:**

- **Ако ОДП е ниска, а има побарувачка за девизи на ниво на цел банкарски систем – НБРМ интервенира со продажба на девизи од девизните резерви**
- **Ако ОДП е висока, а има понуда на девизи на ниво на цел банкарски систем – НБРМ интервенира со купување на девизи и ги надополнува девизните резерви**

**Движење на ОДП и интервенциите на НБРМ (во мил. евра)**



# Одржување на стабилноста на девизниот курс
# Формирање на девизниот курс

- **Девизниот курс на денарот во однос на еврото, којшто го објавува НБРМ на својата веб страна се пресметува:**
  - ✓ секој работен ден
  - ✓ како средна вредност
  - ✓ од котации до 16 часот
  - ✓ на куповни и продажни курсеви за евро во денари
  - ✓ од банките поддржувачи на девизниот пазар

- **Пресметаниот среден курс на денарот во однос на еврото од претходниот ден** (пример среда) **важи од 00:00 часот наредниот ден** (четврток)

- **Служи за книговодствено искажување на побарувања и обврски изразени во девизи** (банки, останат корпоративен сектор и др. субјекти)

- **Девизниот курс на денарот во однос на другите валути** (долари, фунти, јени…) **се пресметува од референтните курсеви на еврото со овие валути** (извор е курсната листа на ЕЦБ)

Курсна листа на Народната банка на Република Македонија
формирана на 16.06.2016 која се применува од
00:00 часот на 17.06..2016 година до почетокот на важење на новата Курсна листа

| Држава | Шифра | Валута | | Единици валута | Среден курс во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕМУ | 978 | евро | EUR | 1 | 61.6949 |
| С А Д | 840 | САД долар | USD | 1 | 55.2129 |
| В.Британија | 826 | британска фунта | GBP | 1 | 78.0652 |
| Швајцарија | 756 | швајцарски франк | CHF | 1 | 57.0615 |
| Шведска | 752 | шведска круна | SEK | 1 | 6.5692 |
| Норвешка | 578 | норвешка круна | NOK | 1 | 6.5774 |
| Јапонија | 392 | јапонски јен | JPY | 1 | 0.5289 |
| Данска | 208 | данска круна | DKK | 1 | 8.2973 |
| Канада | 124 | канадски долар | CAD | 1 | 42.4604 |
| Австралија | 036 | австралиски долар | AUD | 1 | 40.5567 |
| Бугарија | 975 | бугарски лев | BGN | 1 | 31.5446 |
| Чешка | 203 | чешка круна | CZK | 1 | 2.2793 |
| Унгарија | 348 | унгарска форинта | HUF | 1 | 0.1958 |
| Полска | 985 | полска злота | PLN | 1 | 13.8671 |
| Романија | 946 | нов романски леу | RON | 1 | 13.5922 |
| Хрватска | 191 | хрватска куна | HRK | 1 | 8.1997 |
| Турција | 949 | турска лира | TRY | 1 | 18.8071 |
| Русија | 643 | руска рубља | RUB | 1 | 0.8383 |
| Бразил | 986 | бразилски реал | BRL | 1 | 15.8424 |
| Кина | 156 | кинески јуан | CNY | 1 | 8.3833 |
| Хонг Конг | 344 | хонгконшки долар | HKD | 1 | 7.1147 |
| Индонезија | 360 | индонезиска рупија | IDR | 1 | 0.0041 |
| Израел | 376 | израелски шекел | ILS | 1 | 14.2720 |
| Индија | 356 | индиска рупија | INR | 1 | 0.8204 |
| Јужна Кореја | 410 | јужнокорејски вон | KRW | 1 | 0.0469 |
| Мексико | 484 | мексиканско пезо | MXN | 1 | 2.9123 |
| Малезија | 458 | малезиски ринггит | MYR | 1 | 13.4455 |
| Нов Зеланд | 554 | новозеландски долар | NZD | 1 | 38.8043 |
| Филипини | 608 | филипинско пезо | PHP | 1 | 1.1887 |
| Сингапур | 702 | сингапурски долар | SGD | 1 | 40.8143 |
| Тајланд | 764 | тајландски бахт | THB | 1 | 1.5637 |
| Јужна Африка | 710 | јужноафрикански ранд | ZAR | 1 | 3.5819 |

# ВИ БЛАГОДАРАМ ЗА ВНИМАНИЕТО!

http://www.nbrm.mk

: https://www.facebook.com/nbrmkd

https://twitter.com/narodna_banka